Бр: 03-182/2
Скопје: 21.10.2020г.

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 21.10.2020 година го донесе следното

# **МИСЛЕЊЕ**

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа доставениот Јавен повик за дигитализација на услугите на локалната самоуправа од страна на Фондот за иновации и технолошки развој од аспект дали истиот предвидува доделување на државна помош согласно Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

Комисијата за заштита на конкуренцијата при разгледување на Јавниот повик за дигитализација на услугите на локалната самоуправа, **утврди дека доделувањето на средства преку овој Јавен повик не претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош** заради фактот што нема економска поволност за примателот и преку ова доделување не се врши влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Во Јавниот повик за дигитализација на услугите на локалната самоуправа, е наведено дека Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации ( УНДП) објавува повик за финансирање на проекти за обезбедување на дигитални решенија/алатки кои ќе се воведат во секојдневното работење на пет општини во Република Северна Македонија: **Центар Жупа, Боговиње, Свети Николе, Прилеп и Куманово.** Целта на повикот е забрзана дигитализација на услугите на локалната самоуправа преку развој на дигитални алатки/решенија со цел подобрување на квалитетот на услугите во избраните општини, олеснувајќи го почитувањето на мерките за превенција на ширење на вирусот и забрзувајќи го економското опоравување од последиците предизвикани од пандемијата на КОВИД 19.

Во рамки на јавниот повик „Дигитализација на услугите на локалната самоуправа" секој апликант има можност да достави предлог решение за е-платформа. За финансирање проекти под овој повик обезбеден е вкупен буџет

од 75.000 (седумдесет и пет илјади) американски долари во денарска противвредност. Фондот обезбедува финансирање до 100% ( сто проценти) од вкупниот буџет за проектот, во максимален износ од 75.000 (седумдесет и пет ) илјади американски долари во денарска противвредност по проект, со вклучени трошоци за надзор во износ од 10% од вкупниот оперативен буџет на проектот. Имено, Јавниот повик е наменет за претпријатија кои можат да понудат иновативно и/ или технолошки напредно решение сами или во соработка со установа која врши високообразовзна, односно научно-истражувачка дејност, друго претпријатие и/или здружение. Со оглед на тоа дека станува збор за услуга коа ќе биде наплатена од страна на претпријатијата кои ќе се пријават на Јавниот конкурс за изработка на проекти за обезбедување на дигитални решенија/алатки кои ќе се воведат во секојдневното работење на пет општини во Република Северна Македонија, Комисијата смета дека не постои економска предност за корисникот во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош. Односно, станува збор за промет на услуга која по извршување на истата, ќе биде соодвено наплатена.

Согласно член 6 став (2) од Законот за контрола на државната помош, корисник на државна помош е претпријатие кое учествува во промет на стоки и/или услуги, а користи некој од облиците на државна помош. Единиците на локалната самоуправа како крајни корисници не претставуваат корисници на државна помош согласно член 6 став (2) од Законот за контрола на државната помош.

Согласно Јавниот повик, корисникот на финансиските средства треба алатките/решенијата кои претставуваат резултат на спроверување на проектот за кој се доделени финансиските средства, и/или правата на користење на интелектуалната сопственост кои евентуално би биле резултат на проектот, да бидат достапни целосно и бесплатно без ограничувања на сите единици на локалната самоуправа во Република Северна Македонија без било каков дополнителен надоместок или исплаќање на дополнителни средства покрај оние кои се исплаќаат врз основа на Договорот за доделување на финансиски средства.

Согласно горенаведеното, доделувањето на средства преку Јавниот повик за дигитализација на услугите на локалната самоуправа, **не претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**